Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи
"ИСАР" п.о
Бр. 04-1279/3
08.08 2025 год.
ШТИП

Врз основа на чл.45 од Законот за административни службеници ( Сл.весник на република Македонија бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018) и ( Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022, 208/2024 и 210/2024), член 28 од Статутот на ЈП "Исар" Штип, а во врска со објавениот Јавен оглас бр.669/2025, ВД Директорот на ЈП "Исар" Штип ја донесе следната :

# ОДЛУКА

**за избор на кандидати за вработување на административни службеници**
**по објавен Јавен оглас бр.669/2025**

**1.** За извршители на работно место КДР 01 02 Г04 056 „Инкасатор", Одделение за наплата, Сектор финансиско работење, се избираат следните кандидати:

- Ружа Петрушева со идентификациски код 66886CE со вкупно освоени бодови 83.64

-Лилјана Саракинова со идентификациски код B3F0EBC со вкупно освоени бодови 80.76

-Стојан Коцев со идентификациски код E176EEF со вкупно освоени бодови 72.63

- Златков Игор со идентификациски код 6278D7F со вкупно освоени бодови 65.12

**2.** По конечноста на одлуката , ВД Директорот на ЈП "Исар" Штип ќе донесе за секој кандидат решение, односно ќе склучи договор за вработување на неопределено полно работно време.

**3.** Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на Барање број 04-854/3 од 25.06.2025 год. од страна на ЈП "Исар" Штип за објавување на Јавен оглас во дневните весници Нова Македонија, Коха и Вечер , како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, објавен е Јавен оглас број 669/2025 за вработување на административни службеници во ЈП"Исар" Штип.

Со решение број 10-1608 /3 од 11.07.2025 год.,Решение за изменување и дополнување на решението за комисија за селекција за вработување по јавен иглас бр.10-1608/5 од 23.07.2025 год.,Решение за изменување и дополнување на решението за комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1608/6 од 04.08.2025 год., Директорот на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, формира Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас бр.669/2025 .

На ден 23.07.2025 год. во просториите на Агенцијата за администрација е извршена административан селекција за административен службеник за што донесе Записник од извршена административна селекција за административен службеник бр.10-1608/4 од 23.07.2025 год.

По спроведената административна селекција на ден 04.08.2025 год. се спроведе испит за административен службеник и се донесе Записник од спроведен испит за административен службеник бр.10-1608/7 од 04.08.2025 год.

На ден 06.08.2025 год. спроведена е проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник констатирано во Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-1608/8 од 06.08.2025 год.

Врз основа на доставениот предлог за вработување на кандидатите по Јавен оглас бр.669/2025 бр.10-1608/9 од 07.08.2025 год. и Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, ВД Директорот изврши избор на кандидатите како во диспозитивот на Одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена да поднесе Жалба до Агенцијата за администрација од денот на објавувањето на одлуката на веб страната и огласната табла на Агенцијата за администарција.

**Доставено до :**

-избраните кандидати

-Агенција за Администрација

-архива

-Одделение за човечки ресурси

**ЈП "Исар" Штип**

ВД Директор

Александар Арсовски

„ИСАР" П.О.